# Глобална работна група

GS1 Здравство – Зголемување на безбедноста на пациентите ширум светот








## GS1 ЗДРАВСТВО

GS1 Здравство е волонтирачки сектор на GS1 организацијата, сектор кој ги спојува на едно место сите учесници: производителите на лекови и медицинска опрема, трговците на големо (веледрогериите) и дистрибутерите, здравствените корпорации, болниците, аптеките, логистичките провајдери, владините и регулаторните тела и асоцијации.

## Мисија и визија

Мисијата на секторот за здравство на GS1 е да го води здравствениот сектор во успешно имплементирање на глобалните стандарди преку спојување на врвните експерти од овој сектор со цел – подобрување на безбедноста на пациентот и ефикасноста на синџирот на набавка во овој сектор.

Визијата на GS1 Здравството е да стане признат, отворен и неутрален извор за регулаторните агенции, трговските организации и други слични учесници во здравствениот сектор кои бараат начин и насока за воведување на глобалните стандарди во Здравството за подобрување на безбедноста на пациентите, безбедноста и ефикасноста на синџирот на набавка, следливоста и прецизноста и точноста на синхронизираните податоци.

## GS1 Стандарди во здравството

- **GS1 Идентификациони клучеви**: бројни шеми за продукти, локации, пациенти, медицински персонал и медицински средства
- **GS1 Баркодови**: неколку типови на бар кодови, линеарни и дво-димензионални, за употреба со GS1 идентификационите броеви во зависност од примената.
- **GS1 EPCglobal**: ја поддржува употребата на EPC (Electronic Product Code) / RFID (radio frequency identification)
- **GS1 GDSN™:** обезбедува синхронизирана и точна синхронизација на податоците низ синџирот на набавка.
- **GS1 eCOM:** поддржува EDI (electronic data interchange)

## Развој на глобалните GS1 Стандарди

GS1 секторот за здравство во своите рамки содржи здравствена работна група создадена за иден развој на постоечките GS1 стандарди со цел истите да ги задоволат идните побарувања во секторот Здравство. Оваа група работи по веќе прифатена насока на развој.

Преку бројни работни групи се олеснува процесот на развој на глобалните стандарди.

## Глобални и локални достигнувања

По самата природа секторот здравство е глобален, бидејќи лекарствата многу често патуваат надвор од границите на земјата во која се произведуваат.

Локални работна групи се формирани во голем број на земји ширум светот. Овие групи се грижат за тоа да локалните потребни за дадената земја бидат разгледани и земени во предвид кога се изработуваат глобалните стандарди. Овие групи се задолжени и за

локална промоција и имплементирање на овие глобални стандарди.



## GS1 Здравство – работни групи

Вашето приклучување во глобалната или локалната здравствена работна група, претставува можност за вашите барања да бидат директно доставени и разгледани при изработката на глобалните стандарди. Со членувањето Вие ќе бидете навремено информирани за сите новитети и стандарди кои се воведуваат во здравствените системи ширум светот, поддржани од GS1.

Голем број на гиганти од здравствената индустрија и институции веќе се имаат приклучено кој корисничката група за здравство на GS1. На пример во 2007 комбинираниот тим за управување со глобалната корисничка група ги вклучи и производителите ( како Abbott Laboratories, Alcon Laboratories, Baxter, B.Broun, Covidien, GSK, Johnson & Johns, Medtronic, Merck и Pfizer) и болниците, веледрогериите, дистрибутерите, здравствените корпорации (како Amerisource Bergen, Comparatio, CVS, McKesson, Premier и Walgreen). Целосната листа може да ја погледнете на www.gs1mk.org.mk/S_Zdravstvo_membership.aspx

Придружете се на тимот за здравство на GS1 Македонија за заеднички да работиме на подобрувањето на безбедноста на пациентите и зголемување на ефикасноста на синџирот на набавка во здравствениот сектор. За детали посетете ја страната www.gs1mk.org.mk/S_Zdravstvo_Intro.aspx

